УДК: 327:329ВМРО(450)"1920/1934"

Анастасија Лазаровска Ампова
магистер по историски науки
anastasija_lazarovska35@yahoo.com

# ВНАТРЕШНАТА МАКЕДОНСКА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА НА ИТАЛИЈА (1920-1934)

*Апстракт.* – По завршување на Првата светска војна, Италија останала незадоволна бидејќи не го добила делот од распаднатата Австро-унгарска Империја кој ѝ бил ветен со потпишување на Лондонскиот договор во 1915 година. Наспроти ова дел од територијата на распадната Австро-унгарска Империја ѝ припаднал на новата држава, Кралството на Србите, Хрватите и Словенците. Поради тоа, Италија почнала да бара начини за остварување на своите цели, притоа служејќи се со сите расположливи средства вклучувајќи ги и нерешеното македонско прашање и Внатрешната Македонска Револуционерна организација (ВМРО). Нерешеното македонско прашање, во голема мера го привликувало вниманието на дел од Големите сили, особено на оние држави кои пропагирале и посакувале ревизија на Версајскиот систем на договори во прв план Италија и СССР кои сакале да ги остварат своите цели на Балканот. За италијанската надворешна политика особено интересна била ВМРО, бидејќи преку неа можело да се дејствува во правец на дестабилизација на новоформираното Кралство СХС, а од 1929 година Кралство Југославија. Од друга страна пак интересно е тоа што, додека Италија тежнеела да ја искористи ВМРО за дестабилизација на Кралството, раководството на Организацијата во Италија гледало моќен сојузник со чијашто помош би можела да биде реализирана идејата за автономија на Македонија. Токму поради тоа во фокусот на овој труд ќе биде политиката која Италија ја спроведувала во периодот од 1920 до 1934 кон Внатрешната Македонска Револуционерна организација преку давање помош, морална и материјална поддршка, преку дејствувањето на своите дипломати и претставници кои известувале за состој-

бите во Македонија, преку доделување стипендии на македонски студенти и слично, сè со цел да ја искористи за поттикнување на немири на Балканот, т.е. помеѓу Бугарија и новоформираното Кралство СХС за да може да си ги оствари своите замислени цели за доминација на Јадранот.
*Клучни зборови.* – Италија, Внатрешна Македонска Револуционерна организација, македонско прашање, надворешна политика, Големи сили, Кралство на СХС, Бугарија.

## АВТОНОМИСТИЧКА ВМРО ВО ПОТРАГА ПО СОЈУЗНИЦИ

Резултатите од Мировната конференција во Париз покажале дека односот на силите во Европа по Првата светска војна не одел во полза на идејата за автономија на Македонија. Но, тоа не значело дека со ова силите на македонското национално револуционерно движење требало да се откажат засекогаш од оваа идеја. Напуштањето на борбата за автономија на Македонија би значело помирување со судбината и напуштање на надежта за промени и подобри услови за живот. Затоа, без оглед на крајно неповолните меѓународни услови за развојот на македонското национално револуционерно движење, таа борба за создавање македонска држава во форма на автономија продолжила. Борбата ја продолжила обновената ВМРО на Тодор Александров или уште позната како автономистичка. Залагањето за автономија на Македонија во времето на ВМРО под раководство на Александров, формално корелира со традициите од времето на Илинденското востание и ТМОРО, бидејќи зад барањето автономија за Македонија, во одредени периоди, стоела прикриената цел во соодветни меѓународни услови Македонија да се присоедини кон Бугарија. Но, поради тоа што условите во тој момент не го дозволувале тоа, крајната перцепција за автономија на Македонија во верзијата на Тодор Александров, се сведува на следново: „Борбата за ослободување на Македонија продолжува сè додека не се добие барем автономија за трите дела на земјата поделена меѓу Србија, Грција и Бугарија и така таа цела обединета, независна или автономна може да биде ставена под заштита на Друштвото на народите, или на една од Големите сили негови членки, или пак да влезе во југословенската држава како рамноправен член на една федерација, доколку Србите го прифатат федеративното уредување на новата држава“.[1]

[1] Катарџиев 2000, 286.

Веднаш по обновувањето, раководството на Организацијата, разочарано од одлуките кои биле донесени за време на конференцијата и мировните договори кои произлегле од неа, се насочило кон продолжување на борбата преку легални и нелегални средства и во потрага за обезбедување на сојузници за помош. Им биле потребни моќни сојузници кои би биле подготвени да извршат притисок врз државите кои го негирале постоењето на македонскиот идентитет и кои сакале нерешеното македонско прашање да го прикажат како свое. Во таа потрага по сојузници ВМРО се насочила кон неколку држави и организации, пред сѐ кон Италија, потоа кон СССР, Унгарија, Хрватската селанска работничка партија на Стјепан Радиќ, Усташкото движење на Анте Павелиќ, лидерите на Лабуристичката партија во Англија, членовите на Балканскиот комитет во Лондон и бројни индивидуалнци кои биле за порадикално решавање на националните прашања и кои имале значајна позиција и влијание во европските кругови.[2] Александров ги искористил старите врски со бугарските државни, политички и воени фактори за снабдување со оружје и муниција, а исто така заради добивање на морална и материјална помош и поддршка за извршување на своите идни акции ВМРО се поврзала со италијанските дипломатски и воени претставници во Софија.

Акциите кои ги планирала Организацијата во Вардарска Македонија ѝ одговарале на Италија, бидејќи оделе во насока на дестабилизација на Кралството на СХС. Токму од таа причина Италија се одзвала на барањето за помош на ВМРО кое ќе им го дава во текот на целото постоење со повремено намалување или зголемување на интензитот на помош во зависност од моменталните интереси на Италија. Поинтензивни контакти меѓу раководните струи на ВМРО и Италија започнале во 1920 година кога Тодор Александров ја реализирал првата посета на Италија и бил направен прв чекор за соработка во Рим, преку создавање на еден Италијанско-македонски комитет кој потоа станал главна врска меѓу Организацијата и италијанските власти. Со помошта која Италија ја давала, Александров успеал Пиринска Македонија да ја претвори во основна организациона база, а пограничниот град Ќустендил во главен воен центар каде престојувале и се подготвувале четите за префрлање во Вардарска Македонија. Со отпочнување на комитските акции ЦК на ВМРО сакал да го сврти вниманието на европската јавност за присутноста на македонскиот фактор и нерешеното национално прашање, и да

---

[2] Цинго 2020, 66.

го држи отворено пред светската јавност, а воедно и да го оневозможи брзото консолидирање на режимот во Кралството на СХС, да се оневозможи денационализаторската и асимилаторската политика на великосрпскиот режим и да се спречи српската колонизаторска политика. Токму тоа е она што ѝ одговарало на Италија, па оттука италијанските власти со пари и оружје богато и систематски ја помагале Организацијата. Италија на ВМРО ѝ овозможила во Албанија да формира своја база од каде биле вршени четнички навлегувања во југозападниот дел на Македонија, а Италијанците исто така влијаеле и за воспоставување соработка меѓу ВМРО и косовско-албанскиот комитет за четнички акции против Кралството на СХС. Кон крајот на 1920 година, Петар Чаулев, еден од членовите на ЦК на ВМРО бил испратен во Италија од каде ги координирал плановите за соработка и делување. Доказ за решителноста на Италија да ја помага ВМРО за дејствувањата во Вардарска Македонија е помошта што Италија ја испратила преку фирмата Никола Колиштрков од банката "Comerciale de Italia" во износ од 6.000.000 италијански лири.

Освен помош од Италија, кон крајот на април 1920 година Александар Протогеров, членот на ЦК на ВМРО, заминал во Австрија и се сретнал со претставниците на владата и министерот на војската. Таму добил согласност за отворање канал за врски и испраќање на материјали преку Виена-Загреб-Скопје. Протогеров исто така ја посетил и Унгарија. Во Будимпешта се сретнал со претставниците на владата и добил согласност ВМРО да отвори претставништво во Будимпешта и канал за врски Унгарија- Хрватска- Македонија. Во почетокот на мај 1920 година, Протогеров успеал да постигне договор и со албанската Влада за отворање на претставништво на ВМРО во Тирана и Елбасан и за користење на некои погранични села на територијата на Албанија за префрлање на чети на ВМРО од Албанија во Егејска Македонија. Италијанската помош кон ВМРО продолжила и со доаѓањето на власт на Мусолини. Иако на почетокот не се забележувале промени во италијанската надворешна политика кон Кралството на СХС, сепак набрзо Мусолини го обелоденил интересот на Италија кон македонското прашање и кон бугарската внатрешна и надворешна политика.[3] Уште од почетокот на преземањето на должноста, Мусолини одржувал тајни контакти со бугарската граѓанска опозиција, против југословенско пријателски расположената БЗНС – (земјоделска) влада на Стамболиски.[4] Во добри односи со БЗНС и

[3] Троебст 1994, 393.

[4] Ibidem, 393.

Стамболиски не била и ВМРО, бидејќи тој од почетокот на неговото доаѓање, со водење на неговата политика, сакајќи да ја извади Бугарија од кризата и изолацијата во која се наоѓала по поразот во Првата светска војна, се трудел да ги подобри односите со Кралството на СХС. Ситуацијата ескалирала кога во март 1923 година, Белград и Софија го потпишале договорот во Ниш, познат како „Нишка спогодба", со која двете држави се обврзале заеднички да настапат против ВМРО, односно да ја чуваат границата и да оневозможат премин на чети од Пиринска во Вардарска Македонија. Стамболиски формирал и своја армија т.н портокалова гвардија за разоружување на автономистичките чети, бидејќи добрососедските односи требало да се градат на сметка на распуштање на Организацијата која со своето постоење и вооружено дејствување во Вардарска Македонија била непријател број еден за уставниот и државниот поредок на Кралството на СХС.

Случувањето на Нишката спогодба предизвикало револт кај ВМРО, а Стамболиски бил оквалификуван како предавник, кој признавајќи го правото на владеење на Кралството на СХС во Вардарска Македонија и поставувајќи го македонското прашање само како малцинско јавно се откажал од Македонија и нејзиното население, бидејќи ваквата негова политика за Организацијата значела отстапување од нејзината автономија односно во услуга на дипломатијата која дејствувала строго во доменот и интересите на бугарската држава.[5] Ова незадоволство кое владеело кај ВМРО го искористила бугарската опозиција која организирала пуч за соборување на Стамболски од власта. Италијанските дипломатски претставници во Софија будно ја следеле ситуацијата и во мај 1923, Ринела, италијански дипломат во Софија, преку телеграма го известил Мусолини за случувањата во Бугарија, објаснувајќи му дека се случува сериозно македонско вриење против Стамболиски, велејќи дека според состојбата во Бугарија, кризата нема да заврши без некој настан. Соборувањето на Стамболиски одело во прилог и на Италија и на Мусолини, кој воопшто немал доверба во личноста на бугарскиот премиер.[6] Така ВМРО и бугарската опозиција, помогнати од Италија, ноќта меѓу 8 и 9 јуни 1923 година извршиле државен удар и го собориле Стамболиски. По падот на земјоделската влада настанал период на влошување на односите меѓу Белград и Софија бидејќи македонското прашање после превратот повторно добило на интензитет. Прашањето за национално-

[5] Кушевски 1994, 429-430.

[6] Ibidem, 431.

државниот статус на Македонија повторно ги заземало насловните страници на весниците во западно европските држави и тоа ги држело отворени тензиите меѓу двете страни. Острите писма, преписки и телеграми што се упатувале на највисоко државно ниво оставале впечаток дека нерешеното македонско прашање се заканува да го дестабилизира кревкиот мир воспоставен на Версајската конференција. Местото на Стамболиски го зазел Александар Цанков.

Наследникот на Стамболиски на почетокот барал во делот од Македонија во составот на Кралството на СХС да се спроведе одредбата за заштита на малцинствата која била одредена со потпишаните договори за мир. Тоа според бугарскиот премиер Цанков било услов за пријателски однос помеѓу неговата држава и Кралството на СХС. Цанков и бугарската влада стоеле цврсто на овој став базирајќи се на помошта која ѝ ја давала Италија која како што претходно споменав била ревизионистички настроена кон границите на Кралството на СХС.[7] Но со избувнување на италијанско-грчката криза, поради окупацијата на Крф, Италија била надворешно-политички притисната во тесно, и дополнително на ова, француската тајна служба, користејќи ја оваа ситуација објавила два италијански извештаи, од кои произлегувало дека Мусолини имал влијание во ВМРО, со која пак од своја страна, според извештаите, управувала бугарската влада. Со ова Французите сакале да ја принудат Италија да се приклучи кон притисокот што владите во Лондон и Париз го вршеле врз Цанков да го прифати и примени договорот од Ниш. Исто така во 1923 година и белградскиот весник „Време“ известил дека Италија на ВМРО ѝ плаќала субвенции во висина од 8 милиони лири годишно, и дека италијанското воено атеше во Софија, полковникот Спиго и Петар Чаулев во Тирана се луѓето за врска меѓу Мусолини и ЦК на ВМРО.[8] Иако Мусолини го демантирал ова сепак со ова била нанесена голема политичка штета на Италија, па таа морала многу претпазливо да се однесува кон ВМРО, до толку што во ВМРО имале впечаток дека повеќе не може да се очекува заштита од Италија. Цела 1923 година била обележана со заладени односи меѓу Кралството на СХС и Бугарија и со обиди и двете страни да претставaт свои аргументи во корист на докажување на нивните каузи во врска со Македонија. Бугарската политика во овој период била обележана со барањата за давање на малцински права на, според официјалната позиција на бугарската влада, бугарското населе-

[7] Жежов 2006, 63.

[8] Време 24.03.1923, 3.

ние во Вардарска Македонија, додека пак српските државно-политички фактори го негирале постоењето на ова прашање од национална и државна гледна точка па дури и како географски поим не го употребувале името Македонија. Кога се споменувало името Македонија, особено жестоко реагирал министерот Момчило Нинчиќ кој изјавувал дека „Македонија не постои, но постои Јужна Србија која е колевка и средиште на нашата држава“.[9]

Истовремено југословенската влада ја користела Крфската криза, да врши притисок врз владата на Цанков поради дејствувањето на ВМРО. Владите во Белград и Атина ја обвиниле Бугарија дека на нејзина територија се одобруваат активностите на ВМРО кои резултираат со напади во Вардарска Македонија, заканувајќи ѝ се дека доколку не преземе мерки во врска со ова, Кралството на СХС ќе ги преземе работите во свои раце, воено ќе интервенира на територијата на Бугарија и ќе го заземе градот Перник. По ова претставниците на владата, Цанков, министерот за надворешни работи Христо Калфов, министерот за внатрешни работи Иван Русев и другите членови на кабинетот согледувајќи ја состојбата во која се наоѓала Италија која заради своите проблеми не била во можност да се занимава со бугарскиот проблем, биле уверени дека натамошното слободно дејствување на ВМРО во и надвор од Бугарија претставува опасност за државата. Во оваа ситуација за Бугарија особено била важна француската поддршка, а за да ја добијат биле свесни дека не треба да ги влошуваат дополнително односите со францускиот сојузник, Кралството на СХС. Поради ова Цанков почнал да се труди да воспостави добри односи со Кралството на СХС. За да докаже дека има помирителни намери во 1924 година презел мерки против ВМРО при што барал Организацијата да престане со четничката дејност и да започне да дејствува легално, поточно преку политички методи да се бори за правата на населението во Вардарска Македонија. Паралелелно со ова, исто така, биле уапсени 300 членови на Организацијата. Исто така Цанков го забранил и излегувањето на весниците на македонската емиграција „Независна Македонија“ и „Илинден“. Ова не го дало посакуваниот ефект, и српскиот полномошен пратеник во Софија, Милан Ракиќ дури и ја обвинил бугарската влада дека при апсењето на членовите на ВМРО биле затворени второстепени лица и дека целата акција претставува само една обична фарса.[10] После ова на Тодор Александров и на ра-

---

[9] Jovanović 2002,154.

[10] Ibidem, 160.

ководството на ВМРО му станало јасно дека се излажале во врска со надежите во Цанков. Овој не само што сега бил против поддршката на Организацијата туку подеднакво бил заинтересиран и да ја распушти, исто како и Стамболиски во текот на своето владеење. Овој став на Цанков кон ВМРО ќе доведе до влошување на односите со Организацијата бидејќи зближувањето на Цанков со Кралството на СХС било штетно за Македонија и за македонското прашање, а влошувањето на односите со Рим ќе доведе до нагло свртување во надворешната политичко-програмска ориентација на Организацијата во барањето на нови сојузници во борбата за ослободување на Македонија и решавање на македонското прашање. Разочарувајќи се од односот на бугарскиот државен фактор и европските сили дека ќе помогнат да се реши македонското прашање, ВМРО и Тодор Александров привремено одлучиле да се ориентираат кон СССР. Гледајќи во оваа голема комунистичка сила можен покровител и иден сојузник во борбата за ослободување на Македонија, раководството на автономистичка ВМРО се надевало деека таа ќе му даде искрена поддршка на македонското население во борбата за национална и социјална слобода.

## ВРСКИТЕ ПОМЕЃУ ЗАДГРАНИЧНОТО ПРЕТСТАВНИШТВО НА ВМРО И ИТАЛИЈАНСКИТЕ ПОЛИТИЧАРИ, ДИПЛОМАТИ И ОПШТЕСТВЕНИЦИ

Паралелно со делувањето на ЦК на ВМРО во потрага по сојузници дејствувало и Задграничното претставништво. Тоа имало дипломатска и претставничка улога. Негови членови биле: Георги Баждаров, Наум Томалевски и Кирил Прличев. Тие имале задача да ги запознаваат политичките фактори и општествената јавност во Бугарија, во европските држави, Друштвото на народите и во САД со состојбите во Македонија и да бараат подршка за ВМРО.[11] Исто така имале за цел преку нивната активност да го зајакнат влијанието на Организацијата меѓу македонските студенти и емигрантски кругови, да вршат пропагандна дејност, да обезбедат материјална помош и воена подршка од европските држави. Заради поголема експедитивност и подобар надзор, работата на членовите на Задграничното претставништво била распределена на следниот начин:

[11] Пачемска 2004, 102.

Кирил Прличев бил определен да ги преземе раководството и контролата на касата на ВМРО, да ја надгледува и насочува дејноста на организациските пунктови што се наоѓале надвор од Бугарија, да одржува контакти со организацијата на ВМРО во Пиринска Македонија, односно бил задолжен за целата коресподенција што доаѓала од сите делови на Македонија до Задграничното претставништво и обратно.

Георги Баждаров бил задолжен во одделот за политика и литература со задача да ги контролира и насочува пишувањата на изданијата на ВМРО, да раководи со информативното биро за печат, да раководи со сите специјални мисии во странство кои имале политички и пропаганден карактер.

Наум Томалевски бил задолжен да ја раководи и поддржува агитацијата на ВМРО во странство, да ги одржува врските на Задграничното претставништво со сите македонски и немакедонски општествени институции и здруженија, со бугарските политички партии, со странските ослободителни организации и со Македонската младинска тајна револуционерна организација (ММТРО).

Според ова можеме да разбереме дека од овие тројца задгранични претставници, најактивен во одржување на вркиte со италијанските политички и дипломатски кругови бил Наум Томалевски. Освен Томалевски, ВМРО во времето на Тодор Александров за свој претставник во Рим го имало и Андон Пиперов, кој бил близок пријател на Мусолини.[12] Дејноста на Пиперов во барање на поддршка за справување со политиката која ја спроведувало Кралството на СХС врз населението во вардарска Македонија, можеме да ја согледаме од писмото кое тој го праќа до комендаторот Ди Роси во италијанското МНР од 29 август 1927 година во врска со италијанската помош на ВМРО во кое му пишува „Македонија која стенка под српскиот јарем, од Италија не бара материјални средства. Бара само морална поддршка. Бугаро-Македонците чувствуваат дека се поврзани со благородната италијанска раса со чувства на љубов и восхит. Знаат дека заедничкиот интерес ги врзува со Италија, дека е во интерес да се бори, да се уништи заедничкиот непријател за повторно воспоставување на мир и правда на Балканот“.[13]

Покрај членовите на Задграничното претставништво, ВМРО испраќале и други свои соработници во специјални мисии да ја претставуваат Организацијата при разгледување на прашањата во врска со Маке-

[12] Димитров 1976, 112.

[13] Тодоровски и Лапе 2005, 436-437.

донија. За мошне кратко време, Организацијата успеала да организира своја надворешно–политичко дипломатска мрежа и да има свои постојани и привремени претставници во: Рим, Тирана, Истанбул, Париз, Лондон, Загреб, Белград, Солун и др.

Томалевски исто така дејствувал и во насока на пропагирање и присуство на македонското прашање во италијанските политички кругови и во печатот, па затоа и често патувал во Рим.[14]

Исто така и италијанските дипломати кои биле во Македонија, редовно испраќале извештаи до амбасадите во Белград или до МНР на Рим известувајќи за состојбите во Македонија, т.е за судирите меѓу четите на ВМРО и српската војска и полицијата на границата и во внатрешноста на Македонија. Дипломатите се труделе да дадат што е можно попрецизни детали за настаните и сведоштвата на локалното население. Известувале и за репресивните мерки од страна на центрите на локалната власт и за методите на насилство врз уапсените членови на ВМРО или врз локалното население. Италијанските дипломати ја сфатиле улогата и на студентите во разузнавачките шеми на ВМРО и го искористиле тоа за да даваат стипендии на младите од Македонија. За тоа колку ѝ било значајно на Италија стипендирањето на македонската младина сведочат телеграмите со препораки и писмата за доделување на стипендии на студенти од Македонија кои биле доставувани до италијанското МНР од италијанските амбасадори задолжени за следење на состојбите во Македонија. Меѓу нив се телеграмата која била испратена од италијанската амбасада во Белград на 23 септември 1926 година од страна на амбасадорот Петручи до министерството за надворешни работи во Рим, во која тој известува за големиот углед на Италија меѓу жителите во Македонија. Во контекст на ова италијанскиот амбасадор заклучил: „Интересите на нашата земја во Македонија каде што е толку голема улогата на Италија кај сите жители, би можеле само да бидат унапредени со добронамерна културна пропаганда која со воспитувањето на македонска младина во тој немирен регион би создале јадро на сигурни и верни пријатели на нашата земја."[15] Освен оваа телеграма значајна е и телеграмата од 30 април 1927 година, која ја испратил амбасадорот Бодеро од италијанската амбасада во Белград до МНР во Рим во кое известува дека доделувањето на стипендиите е позитивно прифатено од македонските студенти и во телеграмата се залага за доделување

[14] Цинго 2014, 212-220

[15] Ibidem, 272-273.

на дополнителни шест стипендии на македонски студенти од околината на Скопје, заклучувајќи дека добро би било да им бидат доделени и тие стипендии „заради значењето на ширењето на италијанската пропаганда во овој регион, и за рамнотежа на ширењето на француската култура."[16]

Наум Томалевски остварувал повеќе средби со Италија. При една таква средба во ноември 1926 година во Софија италијанскиот амбасадор Гранди потенцирајќи ги традиционалните пријателски симпатии на Италија кон македонското ослободително движење му се доверил на Наум Томалевски дека интересите на Италија не се во противречност со интересите на Македонците кои се борат за политичка и национална слобода.[17]

Покрај Наум Томалевски, ЦК на ВМРО за свој претставник во Рим од 1927 година го имал и Наум Асенков. Главна задача на Томалевски и Асенков им била да одржуваат контакти со италијанските дипломатски, воени и политички претставници, да обезбедат нивна помош за прифаќање, сместување, обезбедување средства, патни документи и билети за префрлање на четници, војводи и раководители на ВМРО од Италија преку Албанија до Македонија и обратно од Албанија преку Италија кон Бугарија. Како резултат на честите контакти со италијанските владини претставници и покрај тоа што контактите се држеле во тајност, ВМРО неколку пати договорила материјална помош во пари, оружје и воена униформа за извршување на вооружените акции во Вардарска Македонија.

Врските меѓу Италија и Задграничното претставништво се интензивирале 1927-28 година со честите посети на Томалевски во Рим и разговорите со италијанските владини претставници. Во септември 1927 година по неговите разговори со италијанскиот министер за надворешни работи Дино Гранди во Palazzo Khigi на раководството на ВМРО му било ветено дека и натаму може да смета на гостопримството на Италија. Исто така прифатени биле и барањата на Наум Томалевски за кои бил постигнат договор и се однесувале на следните работи: На италијанска територија да се создаде база за набљудување и префрлање на чети во Македонија, да им се нареди на италијанските конзулати од двете страни на албанско- југословенската граница да ги олеснат префрлањата. Албанската влада да ја забрани југословенската пропаганда меѓу ма-

[16] Ibidem, 375.

[17] Тодоровски 1997, 77.

кедонското население во Албанија. Гранди му предложил на Томалевски во Рим да се основа Биро на ВМРО за одржување на контактите со компетентните власти на италијанските влади.[18] Во текот на разговорот Гранди ги контактирал редакциите на римските весници и им наложил да бидат на располагање на Организацијата. Тие четири весници требале да ја информираат италијанската јавност, но и другите печатени медиуми, за случувањата во Македонија и улогата на ВМРО.[19] И италијанскиот амбасадор Пјачентини и Гранди со симпатии гледале кон ВМРО но и двајцата биле на став дека Организацијата треба да го намали обемот на терористичките акции и наместо тоа да проба да дејствува политички.

Томалевски подготвил извештај за неговата посета во Италија во 1927 година кој се однесува на неговите контакти со италијански официјални претставници, со новинари, уредници на весници, информирајќи дека се сретнал со многу луѓе со кои имал директни врски како што се: Сен Морело, Џовани Ронкали, Ѕоли, Лојкано од МНР, официрот Кастолди. За време на овие состаноци Наум Томалевски разговарал за италијанско-македонските врски, потребите на ВМРО, продолжување на соработката, како и за случувањата во Албанија од каде организирано дејствувале преку Бари и Бриндизи пристаништа на Јонското Море од каде се дејствувало на два начини, по вода со италијански параброд од Бургас и Варна и по копно преку Романија, Унгарија и Австрија. Покрај средбата со официјални лица претставникот на ВМРО се сретнал и со уредници на неколку весници како што е Вирџинио Гајда од Il Giornale d'Italia, Марио Баси од Stampa, Торис од весникот Il Momento и со Пасквале де Коле уредник на Gazzetta del popolo. На сите средби тој апелирал за поголемо застапување на македонското прашање во италијанскиот печат, притоа истакнувајќи ја постојано крајната цел на ВМРО создавање автономна македонска држава, без припојување кон Бугарија. Текстови поврзани со македонското прашање имало и во весниците Secolo la serra, Corriere della serra и L'Ambrosiano.

Во врска со давањето помош на ВМРО Мусолини испратил телеграма до италијанскиот амбасадор во Софија со упатства за делување во врска со македонското прашање. Во телеграмата која била наменета за италијанскиот амбасадор Пјачентини, Мусолини посочува дека Италија треба да продолжи да ја подржува Македонија како што веќе правела и

[18] Тодоровски 2009, 402.
[19] Ibidem, 403.

дека македонското движење треба да ја зачува својата моќ и да ја зајакне. Како заклучок Мусолини напишал „Во овој потесен облик на нивната дејност тие може да ја имаат италијанската поддршка единствена, ефикасна која создава поволна слика на која Македонците може да се повикаат за да можат да преземат решителни акции“.[20]

Задграничното претставништво дејствувало сѐ до моментот на убиството на Александар Протогеров. После убиството на Протогеров, Организацијата се дели на две крила протогеровисти и михајловисти. Задграничните претставници ја зазеле страната на протогеровистите по што еден по еден биле ликвидирани по налог на Иван Михајлов, кој наместо да ја продолжи борбата во Македонија се насочил кон ликвидирање и пасивизација на протогеровистите, претворајќи ја ВМРО михајловистичка во орудие на бугарската држава која кога почуствувала дека повеќе ВМРО не ѝ е потребна буквално преку ноќ ја забранила и ликвидирала.

## МИХАЈЛОВИСТИЧКА ВМРО ВО ФАШИСТИЧКИТЕ КОМБИНАТОРИКИ НА БАЛКАНСКИОТ ПОЛУОСТРОВ

После убиството на Тодор Александров, на чело на Организацијата застанал Иван Михајлов, па според тоа ВМРО од тогаш па сѐ до забраната ќе биде позната како ВМРО михајловистичка. Таа продолжила да буди интерес кај европските држави кои се обидувале да ја вметнат во своите комбинаторики за да можат да си ги остварат своите зацртани цели.

Прогласувајќи се за продолжувач на автономистичка ВМРО на Александров, михајловистичка ВМРО во своите политичко-пропагандни активности во почетокот поаѓала од уставната цел на Организацијата извојување на целосна политичка автономија на Македонија. На VII конгрес новото раковоство на ЦК донело посебна резолуција во која извојувањето на политичка автономија на Македонија била поставена како единствен услов за мирен развиток на балканските народи и нивно поврзување во поширока државна заедница поставена врз начелата на слободата и рамноправноста преку принципот на рамноправност во Балканска федерација.[21]

---

[20] Ibidem, 619.

[21] Тодоровски 1997, 74.

Италија, исплашена од ова, две недели по убиството на Тодор Александров на 15 септември 1924 година го задолжила Џовани Ронкали да подготви предлог кој требало да биде доставен до Бенито Мусолини и со кој се предвидувало да се формира таен комитет Балкан-Дунав чија цел би била да го намали или целосно да се елиминира советското влијание на Балканот. Во овој комитет требало да влезат: Унгарија, Бугарија, Албанија и ВМРО со новиот лидер Иван Михајлов. Околу загриженоста на Италија за навлегување на советското влијание на Балканот сведочи и телеграмата испратена од амбасадорот Ринела до италијанското министерство за надворешни работи во кое тој истакнува дека Советите и ВМРО подготвувале поле за создавање на советска република со центар во Петрич, во делот од Македонија под бугарска власт.[22]

Михајлов како нов лидер направил некои промени во Организацијата. Ја променил тактиката на борба така што го смалил бројот на комитите кои дејствувале во четите. Акциите биле заменети со терористички акции на тројки или петорки. Преку тие атентати ВМРО михајловистичка настојувала да го сврти вниманието на светската и европската јавност, давајќи им до знаење дека мир не може да има на Балканот додека не се реши македонското прашање.

Михајлов настојувал да одржува добри односи со Бугарија, па дејствувањето на организацијата во Бугарија по 1925 било како резултат на толеранцијата на бугарската влада. Бугарската влада ги толерирала атентатите и вооружените дејствија и покрај притисоците на Големите сили, кои апелирале Бугарија да ги сопре и да ја распушти ВМРО. Благодарение на оваа толеранција, Иван Михајлов успеал да ја зацврсти организацијата и Пиринска Македонија ја претворил во база на организацијата од каде бил контролиран целиот општествено политички и културен живот. Со ова ВМРО се институционализирала и се претворила во „држава во држава", преобразувајќи се од внатрешна во надворешна односно во терористичко емигрантска организација. Михајлов велел дека ВМРО е подготвена да го фрли оружјето и да се претвори во легална политичка партија доколку се исполнат нејзините барања од страна на Кралството на СХС и Грција од кои барале: судење на сите оние кои вршеле злосторства на македонското население, признавање на народноста на македонското население и исполнување на малцинските права и слободи и гарантирано право на македонски политички партии. Само при такви услови ВМРО ќе се претвори во носителка на мирен и култу-

[22] Тодоровски и Лапе 2005, 620.

рен прогрес на својата земја, третирајќи го притоа македонскиот народ како дел од бугарската националност и барајќи исполнување на неговите основни права и слободи како на бугарско национално малцинство на територијата на Македонија под грчка и српска власт.

Лидерот на ВМРО михајловистичка настојувал да воспостави блиски врски со одделни земји кои благонаклонето гледале на прашањето за изнаоѓање на решение за македонскиот проблем. Во прв ред се трудел да ги продолжи блиските врски со Италија воспоставени од 1920/21 година од Тодор Александров, кога бил формиран италијанско-македонски комитет во Рим, кога всушност отпочнала и помошта за ВМРО од страна на Италија. Новото раководство на Рим гледало како на најглавен дипломатски пункт, со кој Организацијата требало да одржува постојани врски. На продолжување на контактите со Италија влијаела и изјавата на италијанскиот воен претставник во Софија, дадена на Александар Протогеров, со која вели „Италија е решена да го брани оправданото дело на ВМРО и Македонците треба да бидат слободни.“[23] Блиските контакти со Италија се засилиле уште повеќе со писмото на италијанскиот главен претставник на фашистите во Италија, Триони упатено до ЦК на ВМРО. Во него јасно била изразена поддршката за ВМРО со навестување дека фашистичка Италија која се бори за слободата на нациите, смета за најсветла потреба Македонците како национално поробени, искрено да ги помогне т.е борбата на ВМРО и материјално и морално да ја помогне до конечна победа.[24]

Преку соработка со ВМРО, Италија настојувала да го искористи македонското прашање, и силите на ВМРО како инструмент на својата агресивна политика кон Кралството на СХС. Со нејзино директно мешање во балканските проблеми се прикривале политичките и економските стремежи на оваа европска земја преку Албанија да го прошири своите сфери на влијанија и на другите држави на Балканот и да ја постигне својата конечна цел доминација на Јадранскиот брег.

За поддршка на ВМРО се изјаснувал и Мусолини. Во едно специјално излагање по прашањето за соработката со ВМРО, тој истакнал дека во рамките на својата балканска политика за „Италија е нужно да ги заштитува Македонците“.[25] Истакнувајќи ја неопходноста од широка и ефикасна пропаганда на „македонската кауза“ меѓу европската опш-

---

[23] Ibidem, 414.

[24] Ibidem, 379.

[25] Тодоровски 1997, 80.

тествена јавност, Мусолини на крајот од своето излагање заклучил: „При таква состојба ВМРО може да смета на италијанската подршка“.[26] Од ова се гледа дека Мусолини сметал оти во интерес на Италија е да се зачува единството и успешно да се развива македонското движење, да не се допушти ниту привремено негово уништување или ограничување на неговата дејност. Мусолини на крајот од своето излагање подвлекол „Италија секогаш ѝ давала на ВМРО можно содејство и финансиска помош и непречено ѝ овозможува да дејствува слободно на своја територија.“[27]

Со вакво покровителско ангажирање, италијанската фашистичка влада продолжила да игра улога на поттикнувач и провокатор на балканските конфликти, искористувајќи ја ВМРО за својата империјалистичка политика на Балканот, особено за спречување на обидите за бугарско-југословенско зближување. Во врска со спречувањето на обидите за бугарско-југословенско зближување значајна е телеграмата од 3 октомври 1927 година испратена од Рим до италијанското претставништво во Драч, а на којашто стои потписот на Мусолини. Во неа се вели „Постојано да се одржува пламенот на македонските немири значи практично да се направат потешки, ако не дури да се оневозможат обидите за бугарско-српско зближување а тоа за нас е најважно“.[28] Од неа може да се заклучи дека Мусолини застанува зад ревендикациите на Бугарија и плански настојува да ги субвенционира оние сили што поттикнувале рушење на Кралството на СХС (Југославија) и побуна во Вардарскиот дел на Македонија. Согледувајќи ја зголемената дипломатска заинтересираност на Италија кон ВМРО, Михајлов во својот извештај за пропагандата на ВМРО во странство поднесен на VII-от конгрес на организацијата подвлекол: „Расположението на Италија се знае. Откако Мусолини го нацрта италијанскиот план за завладување на Јадранскиот брег и навлезе кон Албанија, целиот италијански печат грми во полза на Македонија, основно против Србија“.[29]

Што се однесува пак до Бугарија, Раководството на ВМРО поддршка нашло кај Љапчев, и покрај тоа што Велика Британија и Кралството на СХС отворено интервенирале со дипломатски ноти да престане да ги поддржува, тој продолжил да ги заштитува и толерира нејзините терористички акции. Единствено што превземал е тоа што ги советувал ра-

---

[26] Ibidem, 90.

[27] Ibidem, 91.

[28] Тодоровски и Лапе 2005,473.

[29] Тодоровски 1997, 89

ководителите на ВМРО да се воздржат привремено од своите акции. Поддршката на Љапчев кон ВМРО била толку изразена затоа што зад неа стоел и самиот бугарски цар Борис III, кој имал голема доверба во Љапчев.

Односите на бугарската влада кон ВМРО, поаѓале од нејзината надворешна и внатрешна политичка стратегија.[30] На надворешен план пред сè се стремела да ги користи пропагандните активности на организацијата за своите реваншистички стремежи во однос на Македонија, односно за ревизија на границите на Кралството на СХС. Преку барањето пак на ВМРО пред мировните конференции за признавање на малцинските права на бугарското население во Вардарска и Егејска Македонија, Бугарија сакала да ги прошири своите државни граници и на овие делови од Македонија, а со тоа да добие историско право над македонскиот народ во сите делови од Македонија. На внатрешен план бугарската влада, преку соработка со ВМРО, настојувала да ги оневозможи сите демократски и левоориентирани струења во државата, искористувајќи ја како паравоена сила за физичка егзекуција на идејните противници и непријатели на својата буржоаска и монархофашистичка државна политика. Од друга страна пак, ВМРО во соработката со бугарската влада, ја гледале шансата за засилување на своите позиции, и добивање на поголема самостојност во автономното управување во Пиринска Македонија. Преку одржување на контактите со Љапчев, Иван Михајлов ги зацврстил своите позиции и угледот во редовите на ВМРО, за да воспостави автократско управување и елиминирање на приврзаниците на опозицијата во Организацијата.

Иако првичната парола на Организацијата била автономија на Македонија, набргу Михајлов ја променил паролата во независна Македонија.[31] Во остварување на идејата за независна Македонија, михајловистичка ВМРО сметала на Пиринска Македонија како основно јадро околу кое би се обединиле другите делови. Паролата на Михајлов за независна Македонија имала недвосмислен бугарски карактер, бидејќи за него терминот независна Македонија одговарал со терминот автономна Македонија, терминот кој е афирмиран уште во Османлиската Империја, кога цела Македонија била во границите на Империјата и можела да се организира во режим на автономија. Поради тоа, сега со поделбата на Македонија во разни држави не било можно нејзино автономно органи-

---

[30] Тодоровски 2008, 22.

[31] Тодоровски 1997, 139.

зирање, и тоа можело да се постигне преку нејзино географско обединување и под еден режим (бугарски) на цела територија. За Михајловистите терминот независна Македонија бил најдобра форма за зачувување на бугарштината во Македонија. За Михајлов нема македонски народ во етничка смисла на зборот, туку со него се означувала граѓанска припадност. Но во борбата за политичка афирмација на Македонија, требало да се употребува поимот македонски народ, бидејќи тоа било потребно да се манифестира единството на сите Македонци, од името на еден политички идеал.

По истапување на паролата за Независна Македонија и барањата за ревизија на Париските мировни договори со насилни средства, ВМРО михајловистичка ги добила симпатиите на заинтересираните европски држави кои се залагале за промена на границите, во прв ред: Италија, Германија, Унгарија и Национал-сепаратистичките сили во Хрватска.[32] Врз основа на блиските контакти и заедничките прогресивни цели во Хрватската селанска партија и хрватските националисти во април 1929 година во Софија, Македонскиот национален комитет со Анте Павелиќ и Густав Перчец потпишале Декларација за пријателство и општа борба против српскиот хегемонизам и за извојување на човечки и национални права политичка слобода и полна државна независност на Хрватска и на Македонија. Контактите со Унгарија ги одржувале Јордан Ѓурков и Кирил Дрангов, едниот преку унгарските воени кругови, а другиот преку унгарскиот амбасадор во Софија. Преку соработката со унгарските државни претставници михајловистичка ВМРО се снабдувала со оружје, бомби, и слични експлозивни направи за извршување на терористички акции.

Сепак најголем сојузник на ВМРО останала Италија, која продолжила да ја користи организацијата како инструмент за водење на својата антијугословенска политика. Иако Италија, во почетокот под влијание на италијанскиот министер во Софија Пјачентини, кој застанал на страна на протогеровистите, ја помагала оваа струја финансиски, сепак Михајлов со помош на бугарската влада т.е на министерот за војска Иван В’лков, кој имал блиски односи со италијанските воени кругови, постепено ги продобивал симпатиите на Италија и почнале да ја истиснуваат подршката на Италија кон протогеровистите. Контактите на ВМРО со Италија продолжиле сѐ до нејзиното распуштање во 1934 година.

---

[32] Ibidem,193.

Ориентирајќи ја својата надворешна политика на прво место кон Италија, ВМРО михајловистичка, ги загубила дипломатските поддршки и симпатии на одделни владеачки кругови и партии кај другите Големи сили како што се Франција и Англија. Тие биле најголеми поборници за зближување на Бугарија со Кралството Југославија, за прекин на вооружените акции на ВМРО во Вардарска Македонија, како и за забрана на дејноста на организацијата во границите на Бугарија.

Во почетокот на 1933, со доаѓањето на власт на Адолф Хитлер во Германија, Михајлов уште погласно почнал да ја застапува тезата за независна Македонија (со Дупница и Ќустендил во неа) под германски протекторат. Ова почнало да ги загрижува бугарските државни кругови кои сметале дека ова никако не смее да се дозволи. Бугарија како победена држава која заостанувала зад ревизионистичките држави на меѓународен план, почнала својата надворешна политика да ја врти кон Франција и кон зближување со Кралството Југославија. Основен услов за зближување меѓу овие две страни било ликвидирањето на ВМРО. На ваквиот услов се согласил и бугарскиот цар Борис III, кој на една средба со југословенскиот крал Александар Караѓорѓевиќ истакнал дека Бугарија веќе нема да ги толерира нередите и противзаконските дејствија на Организацијата, бидејќи тоа било голем срам за Бугарија. Заземањето на ваков став на царот ѝ одело во прилог на новата опозиција во Бугарија групирана околу политичката група Ѕвено и Военият сојуз кои биле разочарани од промената на паролата независна Македонија за чие остварување Михајлов сметал на пиринскиот дел на Македонија и загрижени за интегритетот и територијалната целост на државата се залагале за зближување на Бугарија и Кралството Југославија. Сето ова резултирало со извршување на државен удар во Бугарија од страна на „Ѕвено“ на 19 мај 1934 година и формирање на нова влада на чело со Кимон Георгиев. Новата влада, за да се покаже како искрен поборник на зближувањето на Бугарија со Кралството Југославија, донела наредба со која ги забранила сите политички партии и организации во земјата меѓу кои и ВМРО.

Со распуштањето на ВМРО, Бугарија не се откажала од ревизионистичките стремежи кон Кралството Југославија т.е од територијалните претензии кон Вардарска Македонија, ниту од барањето за признавање на бугарско малцинство во тој дел од Кралството Југославија. Тие според нивната нова политичка стратегија, сметале дека разговорите за ова прашање треба да се водат од бугарските официјални државни органи, а не од легални и нелегални институции на МРО.

Откако ја загубила поддршката и улогата во внатрешната политика на Бугарија и позициите во Пиринска Македонија, раководството на ВМРО се свртело уште повеќе кон националистичките и фашистичките кругови на Германија, Унгарија, Италија и Хрватска. Таа повторно била искористена од нив за извршување на последната акција односно за извршување на атентатот на југословенскиот крал Александар I Караѓорѓевиќ и францускиот министер за надворешни работи Жан Луј Барту на 9 октомври 1934 година во Марсеј. За атентатот на Кралот, известувале и весниците меѓу кои и италијанскиот „Ил Месаџеро" кој во врска со убиецот и убиството пишувал „се работи за одреден Петрус Калеман"[33] и понатаму во врска со убиството ги изнесува ставовите на француската влада: „Во трагичната жалост што ги спојува двата народа се чувствуваат повеќе од кога било заедништвото на срцата и на мислите." Владата, сепак, одлучи дека националната жалост ќе трае еден месец за војската, морнарицата и авијацијата. Сите славења и церемонии ќе бидат прекинати за време на овој период. За г. Барту ќе биде направен национален погреб. Останките на кралот Александар ќе бидат транспортирани по морски пат до неговата земја. Па така, воениот брод кој ќе го изврши транспортот ќе биде придружуван од француска флота до Југославија".[34]

Атентатот претставува значаен, пресвртен момент во третманот на т.н. македонско прашање. ВМРО на Михајлов (не)свесно влегува во сферата на конфронтациите на актуелните Големи европски сили, со самиот факт што станало јасно дека зад атентатот стојат сили блиски до германските нацисти. Со користењето на атентатори од редовите на ВМРО, за убиството на југословенскиот крал и на францускиот министер, михајловистичката ВМРО била означена како терористичка, платеничка Организација, која немала ништо заедничко со нејзините јавни прокламации за автономија на Македонија.

Со забраната на ВМРО, нејзината дејност формално престанала да постои но тоа не значи дека Организацијата сосема ја напуштила македонската политичка сцена. Нејзините влијанија продолжиле кај македонските емигрантски друштва и организации и преку нејзините печатени гласила во Европа и Америка. Кадрите кои останале незасегнати од превртот во Бугарија ја продолжиле својата активност, но само на пропаганден план, само за политичко државно разрешување на македонското прашање, а не и за национална особност и суштествување на

[33] Се однесува на Петар Келеман, лажниот идентитет на Владо Черноземски.

[34] Il Messaggero, 10.10.1934.

македонскиот народ за своја посебна национална држава. Ова јасно покажува дека ВМРО цело време била искористувана од Бугарија и од Големите сили за свои сопствени интереси.

Од сето горенаведено можеме да резимираме дека на крајот се покажало дека Италија всушност цело време спроведувала двојна политика кога е во прашање Македонската Револуционерна организација, од една страна пружајќи помош на четите, од друга страна користејќи ја Организацијата за да прави нереди на Балканот, сè со цел да може да ги оствари своите замислени цели за доминација на Јадранот. А кога станува збор за Бугарија и ВМРО, оној момент кога бугарската држава почувствувала потреба да излезе од меѓународната изолација и да ја консолидира земјата, без проблем се ослободила од ВМРО. Целата судбина на ВМРО од 1920-1934 година зависела од добрата волја на бугарската држава и од проценката на активните режими за тоа колку дејноста на ВМРО е корисна или штетна за интересите на Бугарија.

## БИБЛИОГРАФИЈА

### ИЗВОРИ

Тодоровски, Зоран. *ВМРО 1924-1934*. ИП РОБЗ, Скопје, 1997.

*Италијански дипломатски документи за Македонија 1925- 1927.* Том 1, Кн. 2, Аленка Лапе и Гане Тодоровски. ДАРМ, Скопје, 2005.

Пачемска, Даринка. *ВМРО (1918-1934)*. Филозофски факултет, Скопје, 2004.

### МОНОГРАФИИ

Димитров, Илчо. *Българо-италиански политически отношения 1922-1943.* Наука и изкуство, София, 1976.

Jovanović, Vladan. *Jugoslovenska država i Južna Srbija, 1918-1929 : Makedonija, Sandžak, Kosovo, Metohija u Kraljevini SHS.* Institut za noviju istoriju Srbije, Beograd, 2002

Жежов, Никола. *Македонското прашање во југословенско-бугарските односи (1918-1941).* УКИМ, Скопје, 2006.

Катарџиев, Иван. *Македонија меѓу Балканските и Втората светска војна, Историја на Македонскиот народ.* Кн. 4, ИНИ, Скопје, 2000.

Цинго, Теон. *Наум Томалевски - Лоенгрин.* Скопје, 2014.

### ЗБОРНИЦИ

Тодоровски, Зоран. *Мементо (Македонски историски реминисценции)*, Скопје, 2009.

СТАТИИ

Михајлов во врска со поставувањето на македонското прашање во Друштвото на народите (1920-1934), *во Сто години од основањето на ВМРО и 90 години од Илинденското востание*, МАНУ, Скопје, 1994.

Троебст, Стефан. Фашистичка Италија и ВМРО (1922-1924), *во Сто години од основањето на ВМРО и 90 години од Илинденското востание*, МАНУ, Скопје, 1994.

Џинго, Теон, Версајскиот (не)мир, Внатрешната македонска революционерна организација како дел од италијанскиот надворешно-политички мозаик (1919-1934 година), во *Македонија – 100 години од Версај, Македонски културен форум,* Пула, 2020.

ВЕСНИЦИ

Време, 24.3.1923.
Il Messaggero, 10.10.1934.

Anastasija Lazarovska Ampova
MA in History

## THE INTERNAL MACEDONIAN REVOLUTIONARY ORGANIZATION IN ITALY'S FOREIGN POLICY (1920-1934)

(summary)

In the interwar period, thanks to its favorable geographical position, within its economic, ethnic and historical borders, Macedonia occupied a significant place in the politics of the Balkan states. The great world powers also showed an indirect interest in it, who wanted to achieve their own goals through the influence on the Balkan states, which were most interested in Macedonia, primarily Italy and the Soviet Union. During and after the First World War, with the collapse of Austria-Hungary and the establishment of the Kingdom of the Commonwealth of Independent States in place of the empire, Italy became much more involved in Balkan politics. Since the newly formed Kingdom was destabilized by unresolved national issues from its very creation, Italy saw in them a chance to deepen those problems in order to take what was promised to it with the London Agreement in 1915. At the Versailles Conference, which took place after the end of the First World War, one of the priorities after the creation of the new states was the resolution of the national issues of the smaller nations. The fate of Macedonia and the Macedonian question were also on the agenda of the conference sessions. Apart from the Balkan states, the Ma-

cedonian issue also affected the interests and spheres of influence of the Great Powers. The creation of a separate Macedonian state was not foreseen in their agendas. Because of all this complexity of the Macedonian issue, it was decided in Versailles to consider it in the so-called Commission for New States and Protection of Minorities. The Great Powers also presented their opinions, views and proposals in the Committee for New States. Each of them had a different position regarding how to solve the Macedonian issue, and each of them was guided by their own interests when expressing their positions. In this paper, emphasis is placed only on the attitudes of Italy and the policy it leads towards the Internal Macedonian Revolutionary Organization. The Italian delegates made several proposals for solving the Macedonian issue, such as: introducing the autonomy of Macedonia, a proposal to provide guarantees for the protection of the population in Macedonia, especially the non-Serbian population, a proposal to ensure at least the use of the language in written and oral form before the administrative and judicial authorities without success. The reactions surrounding the settlement of the Macedonian issue did not end with the conclusion of the Versailles Conference. Although they were foreseen, the principles of equality of nations and the principles of self-determination did not come to the fore. The issue continued to linger for many years after the conference ended.

The struggle for the autonomy of Macedonia has not stopped either. It was continued by the renewed autonomist VMRO headed by Todor Aleksandrov. The organization advocated for the autonomy of the three parts of Macedonia divided between Serbia, Greece and Bulgaria and so that as a united independent and autonomous whole it would be placed under the protection of the League of Nations or one of its member Great Powers or it would enter the Yugoslav state as an equal member of a federation. Disappointed by the decisions in Versailles, they looked for an ally who would help them realize their ideas. They saw their first ally in Italy, from which they received moral and material aid for the actions they carried out in Vardar Macedonia. The aim of the actions carried out by VMRO was to draw the attention of the European public to the presence of the Macedonian factor and the unresolved national issue and to keep it open to the world public, and on the other hand, they wanted to prevent the denationalization, assimilation and colonization carried out by the Kingdom in Vardar Macedonia and force them to recognize the rights of the Macedonian minority. These goals of the VMRO were also beneficial to Italy, which since the very creation of the Kingdom, took a negative attitude towards it and tried in every way to undermine its consolidation. Italy's interests in establishing closer cooperation with VMRO increased with the coming to power of Benito Mussolini. The reasons for this consisted in the fight against the SHS Kingdom. Italy saw in VMRO a factor that could help them the most for the destabilization and collapse of this newly formed state in the Balkans, which instead of Italy filled the void left by Austria-Hungary with its disintegration. Apart from Todor Aleksandrov, Aleksandar Protogerov also visited Italy to conduct the negotiations, while Petar Chaulev conducted his activities from Italy and Albania. Italy, apart from richly and systema-

tically helping the Organization with money and weapons, also enabled it to establish bases in Albania from which Chetnik actions were carried out in Yugoslavia.

Despite the developed cooperation between Italy and VMRO, at certain moments starting from its own interests, from the assessment of possible influence of such cooperation on the positions of Italy in Europe, there were moments when Italy distanced itself from the Organization to a certain extent. Italy tried to increase its influence in Macedonia by carrying out the propaganda activity which was carried out first through the Italian press. A large number of newspapers such as La tempo, Il mesijero and others constantly reported on the situation in Macedonia, then through the diplomats who went to the field they were in direct contact with the Macedonian environment and as a result, they came to original knowledge about the national and political aspirations of the Macedonian people. and through various social scientists and intellectuals who presented their thoughts on the situation in Macedonia. Taking advantage of the good mood and opinion that the population had towards Italy, they decided to strengthen the propaganda by awarding scholarships to Macedonian students for schooling in Italy with the aim of increasing the trust of the Macedonian people towards Italy. The cooperation between Italy and VMRO was realized also through the representatives of the Organization in Italy, whose aim was to acquaint the public with the situation in Macedonia and to seek material and military support for VMRO from this country.

Likewise, the Italian diplomats who were present in Macedonia, regularly sent reports on the situation in Macedonia, trying to provide information about the events and testimonies of the local population. Italian diplomats - informers and commentators on the situation in Macedonia include: Rinella, Marconi, Piacentini, Luigi Tozelli, Quanto Mazzolini, Petrucci, Bodero and others. The fact that Italy had a large number of its reporters reveals to us the breadth of a subtle attention, of a European superpower facing the situation in Macedonia, an attention that is strategically placed within the broader and more precise political-strategic and ideological-propaganda assets of fascist Italy. Italy also provided assistance to VMRO during the time of Ivan Mihailov.Once again, through Italy's cooperation with VMRO and the effort to use the Macedonian issue and the Organization's forces as an instrument in its aggressive policy towards the Kingdom of SHC/Yugoslavia, with the most direct interference in the Balkan problems, the political and economic strategies of this European country to expand through Albania were concealed. its spheres of influence and other countries in the Balkans in order to achieve its strategic goal, dominance of the Adriatic coast. With their patronage engagement, the Italian fascist government played the role of instigator and provocateur of the Balkan conflicts, using VMRO for its imperialist goals. After the coup in Bulgaria on May 9, 1934, the Zvono political group came to power, headed by Kimon Georgiev, who, due to the rapprochement with the Kingdom of Yugoslavia, banned VMRO in Pirin Macedonia. After the dissolution of VMRO, the ferocity of the Italian propaganda decreased, be-

cause there was no longer an Organization that would serve to incite riots and provocations in Vardar Macedonia.

The international armed confrontations in the coming years between the Balkan states that had aspirations towards Macedonia and the Great Powers that intervened through the Balkan states, due to the realization of their personal interests, kept the Macedonian question open even on the eve of the Second World War.